**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4785 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Третиот десетдневен период, од 22 септември до 1 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 20 часот, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 31 минута и 22 секунди (4 часа 18 минути и 30 секунди

претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави и 12 минути и 52 секунди аналитички жанрови).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:25:50 | 9,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:34 | 7,57 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:43 | 9,56 | % |
| Други субјекти | 00:42:12 | 16,32 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:34 | 7,18 | % |
| Влада на РМ | 00:20:21 | 7,87 | % |
| Без субјекти | 00:12:54 | 4,99 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:29 | 5,22 | % |
| Шарена револуција | 00:05:02 | 1,95 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:51 | 1,88 | % |
| СДСМ | 00:17:33 | 6,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:27 | 1,72 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:56 | 0,75 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:44 | 3,38 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:57 | 0,37 | % |
| Судство | 00:12:32 | 4,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:09 | 1,22 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:17 | 2,04 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:53 | 1,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:21 | 0,52 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:23 | 0,54 | % |
| Левица | 00:00:48 | 0,31 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:46 | 0,30 | % |
| Привремена комисија | 00:01:06 | 0,43 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:07:08 | 2,76 | % |
| | **Вкупно: 04:18:30** | **100** | **%** |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„други субјекти“*, *„Специјално обвинителство“*, *„Влада на РМ“* и *„експерти/аналитичари“*. Во овој извештаен период под категоријата *„други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: адвокати, ИФТ, НБРМ, Тутунски комбинат Куманово, уметници, ЕВН, Совет на родители, АААВМУ, Европскиот сеизмолошки центар, професори, новинари, Стопански комори, Банки, Светски македонски конгрес, Скопска леарница, ЛУКОИЛ, субјектите кои говорат за премиерата на филмот „Ослободување на Скопје“, и за прославата на годишнината на М-кар, како и фудбалската легенда Методија Спасовски.

Специјалното јавно обвинителство е присутно преку низа прилози поврзани со неговата работа (25 минути и 50 секунди): прес конференција, подигнување на првите обвиненија, учеството на обвинителката Катица Јанева на комисиската расправа во Собранието на РМ, барањата од СЈО до судот за изземање на двајца судии и тн.

Владата на Република Македонија е застапена со 20 минути и 21 секунда, преку следниве теми: предлог буџет за 2017 година; самитот за бегалската криза и обраќањето на премиерот Емил Димитриев; активностите на министерот за надворешни работи Никола Попоски; распишаниот тендер за обнова на автопатот Скопје – Куманово; тетовски гимназијалци; задолжувањето на Владата од домашните кредитори;

информацијата од Министерството за здравство за пациентите со ретки болести; почетокот со работа на универзитетот „Мајка Тереза".

За категоријата *„експерти/аналитичари"* се одвоени 19 минути и 34 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми – Првото обвинение на СЈО; Прекројувањето на изборните единици; Предлог буџетот за 2017; Предвремените избори на 11 декември; а се среќаваат и во прилозите кои третираат социјални прашања. Дел од изјавите се преземени од учествата на експертите/аналитичарите во посебните информативни емисии на овој медиум. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на следниве експерти: Јован Јоанидис (поранешен обвинител), Гордана Силјановска Давкова (универзитетски професор), Никола Поповски (поранешен министер за финансии), Сашо Ордановски (новинар), Сашо Клековски (аналитичар), Благоја Голомеов (универзитетски професор), Трендафил Ивановски (поранешен претседател на Уставен суд), Бранимир Јовановиќ (економист), Александар Тортевски (адвокат), Вјекослав Танасковиќ (професор).

Од политичките партии најмногу време е одвоено за СДСМ (17 минути и 33 секунди), а потоа за ВМРО ДПМНЕ (13 минути и 29 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 7 политички партии (ДУИ, СПМ, ВМРО-НП, ДПА, Левица, НСДП и ЛДП). Тие се присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции. На темите на кои има спротивставени мислења, на директните обраќања (изјави) на опозициските партии, владејачката ВМРО ДПМНЕ, а во некои случаи и носители на функции на власт од оваа партија, одговараат преку соопштенија и писмени реакции.

Покрај носењето на буџетот за 2017 и работата на СЈО, како централни теми во овие вести, беа третирани и следниве теми: одложено судењето за случајот „Поткуп"; протести на тетовските гимназијалци; прекројувањето на изборните единици; надзорната расправа за поплавите; Шарената револуција се враќа на улица; Македонија бара почитување на меѓународното право; ќе се обештетат ли стечајните работници од Тутунскиот комбинат Куманово?; предвремените избори на 11 декември; самитот за бегалската криза во Виена; осум недели по поплавите, животот во Стајковци не е нормализиран; наплата на надоместок за користење на авторски музички права; извештајот од АААВМУ; и др.

Во повеќето прилози, телевизијата настојува да обезбеди различни гледишта и мислења.

Во анализираниот период емитувани се и три прилога, кои се обработени преку аналитички жанрови.

Првиот е од вестите на 23 септември, и е со наслов: „Даночење на донации – потребни ли се законски измени". Направена е анализа во која се констатира дека дел од донациите завршуваат кај државата што ја отвора дебатата дали на донациите треба да се плаќа данок кон државата. Во прилогот е вклучено мислење од Владата, побарано е мислење и од Министерството за финансии, од кадешто упатиле на ставот на Владата. Во прилогот е вметнато и мислењето на опозициската СДСМ, и информацијата од Црвениот крст на Македонија.

Вториот прилог е од 29 септември 2016 година, и ја обработува темата: „Судот без проблеми одредува притвор за ОЈО, а ги одбива предлозите на СЈО". Анализата е со изразен став во најавата на водителот (цитат): *„Сега кога се очекува одлука на судијата во претходна постапка за случајот „Трезор", каде СЈО повторно бара притвор за еден од осомничените, се навраќаме на дијаметрално спротивната пракса на Судот во одредувањето притвори на Обвинителството на Марко Зврлевски и на тимот на Катица Јанева"*. Ставот од анализата е поткрепен со резултатите од истражувањето на Хелсиншкиот комитет, преку директното обраќање на членот на Хелсиншки комитет, Воислав Стојановски и со изјавата на адвокатот Александар Тортевски за двојниот аршин на Судот, дадена во дебата на *Анализа 24*.

Третиот прилог е од 1 октомври 2016 година, кој е емитуван како прв прилог во Дневникот, се однесува на состојбата на пензискиот фонд насловен „ММФ бара мерки за санација на пензискиот фонд". Анализата вклучува информации од ММФ и од Светска банка, како и информација за мерките на Владата, која најави зголемување на пензиите од декември годинава. Се повикува и на мислењето на експертите од оваа област. На крајот од прилогот има експлицитен став на новинарот: *„сепак, овој маркетинг може скапо да ги чини идните генерации пензионери веќе на среден рок"*.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:11:27 | 14,50 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:16 | 0,34 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:42 | 5,95 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:23 | 8,09 % |
| Други субјекти | 00:12:10 | 15,41 % |
| Граѓански сектор | 00:07:16 | 9,20 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:35 | 9,61 % |
| СДСМ | 00:08:26 | 10,68 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:38 | 2,07 % |
| Влада на РМ | 00:05:34 | 7,05 % |
| Шарена револуција | 00:00:25 | 0,53 % |
| Левица | 00:00:27 | 0,57 % |
| Претседател на РМ | 00:00:25 | 0,53 % |
| Локална самоуправа | 00:01:20 | 1,69 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:17 | 2,89 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:49 | 1,03 % |
| Судство | 00:00:10 | 0,21 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:37 | 0,78 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:25 | 0,53 % |
| Собрание на РМ | 00:00:52 | 1,10 % |
| Привремена комисија | 00:00:57 | 1,20 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:21 | 0,44 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:04:25 | 5,59 % |
| | **Вкупно: 01:18:57** | **100 %** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за субјектите кодирани како *други субјекти* (12 минути и 10 секунди), потоа за категориите *експерти/аналитичари* (11 минути и 27 секунди) и *СДСМ* (8 минути и 26 секунди).

*Посебни информативни емисии*

*Други информативни програми*

Информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен сабота и недела е со директни вклучувања на гледачи кои го изразуваат своето мислење на одредена тема од политичкото и општественото живеење.

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 22 септември 2016 година, во 8 часот и 8 минути се емитуваше репризно издание со наслов: „(Зло)употреба на интервјуто со Катица Јанева на МТВ, кој е одговорен?"

На истиот датум во 16 часот и 13 минути се емитуваше ново издание на емисијата на тема: „Кавга во Собранието-што сработи СЈО за една година?" Репризно издание на оваа емисија бележиме на 23 септември 2016 година со почеток во 8 часот и 7 минути.

Емисијата емитувана на 23 септември 2016 година, во 16 часот и 14 минути е посветена на граѓанското движење наречено "Шарената револуција" и е насловена: „Шарената револуција се активира, нов

притисок врз институциите или израз на незадоволството?" Репризното издание е на 26 септември 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

На 26 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 17 минути емитувана е нова емисија на тема: „Дали просечната плата може да ги задоволи основните потреби за живот?" Оваа емисија е репризирана на 27 септември во 8 часот и 7 минути.

Новата емисија емитувана на 27 септември 2016 година, во 16 часот и 16 минути ја отвора темата: „Ќе гледаме ли дебата Груевски-Заев, обврска или добра волја?" Репризното издание е емитувано на 28 септември во 8 часот и 8 минути.

На 28 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 19 минути е емитувано новото издание на тема: „СЈО-Случај „Трезор"-преку опремата за шпионирање украдени 862.000 евра". Оваа емисија е репризирана на 29 септември во 8 часот и 8 минути.

Во емисијата емитувана на 29 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути, темата е: „Ќе има ли пари за идните пензионери, сегашните добија зголемување?" Репризното издание на емисијата е на 30 септември во 8 часот и 8 минути.

На 30 септември 2016 година, гледачите го изразуваат своето мислење на темата: „Високи патни трошици за функционерите, потреба или алчност?"

Во информативниот интернет политички магазин *Трета порта* се пренесуваат колумни и статуси од социјалните мрежи на актуелни теми. Во овој извештаен период на 26 септември 2016 година, емитувано е едно репризно издание кое е на тема: „Земјотресите во Скопје".

*Тренд – економија и бизнис* се емитува еднаш неделно со повеќе репризни изданија во другите денови. Во мониторираниот период се емитувани повеќе репризни изданија на емисијата.

На 25 септември 2016 година, со почеток во 7 часот и 6 минути, репризно се емитува емисијата на тема „Зголемен број на блокирани сметки во приватниот сектор", со интервјуа на Кире Наумов (дополнителен заменски министер за финансии), Неби Хоџа (Стопанска комора на Северозападна Македонија) и со академик Абдулменаф Беџети. Водителката на емисијата, Анета Додевска посочува дека министерот за финансии, Кирил Миновски не одговорил на поканата за интервју.

На 25 септември 2016 година, со почеток во 17 часот и 54 минути емитувано е репризно издание на емисијата на тема: „По поплавите и земјотресите, дали е Скопје безбедно за живеење". Гости во емисијата беа Даница Павловска (архитект) и Ацо Станковски (уметник).

Четирите репризни изданија на емисијата на тема: Времено или буџетско финансирање во 2017; како заврши 2016; колку и како политичката криза имаше разорно дејство врз економијата, со гостите - професори: Трајко Славевски и Ванчо Узунов, се емитуваа две на 26, а другите две на 27 и 28 септември 2016 година.

*<u>Интервјуа</u>*

Во мониторираниот период, на програмата на ТВ 24 Вести реализирани се неколку интервјуа.

Во емисијата „*Патот до успехот*", на 24 септември 2016 година, емитувана е реприза на интервјуто со стопанственикот Дане Кузмановски. На 24 септември 2016 година, премиерно е емитувано интервјуто со професорката Гордана Силјановска Давкова. Интервјуто е репризирано четири пати во извештајниот период, двапати на 25 септември 2016 година, и по еднаш на 27 септември 2016 година и на 1 октомври 2016 година.

На 25 септември 2016 година, во 13 часот и 14 минути, емитувано е интервјуто на Драган Ѓорѓиев од Институтот за јавно здравство дадено за Радио Слободна Европа.

*Дебатни емисии*

Дебатните емисии секојдневно се присутни во програмската шема на ТВ 24 Вести со повеќе репризни изданија во текот на денот како и во деновите на викенд. Во емисиите се третираат актуелни теми со различни соговорници.

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 22 и 23 септември 2016 година, емитувано е репризно издание на „Анализа 24" кое ја обработуваше темата „СЈО и првите две обвиненија". Во дебатата со спротивставени ставови учествуваа: Дејан Ѓорѓиевски (Центар за развој на медиуми), Алберт Муслиу (аналитичар) и Тони Науновски (професор, член на Комисијата за заштита од дискриминација).

На 22 септември 2016 година, со почеток во 11 часот и 2 минути, емитувано е репризно издание на емисијата „*Анализа 24*". Тема на дебатата беше „Предлог буџетот за 2017", а гости во емисијата беа Љупчо Зиков (главен и одговорен уредник на „Капитал") и Фатмир Битиќи (извршен директор на Стопанска комора на Северозападна Македонија).

На 22 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „*Анализа 24*". Тема на дебатата беше „Проблематичните изборни единици", а гости во емисијата беа Рафиз Алити од ДУИ и Дамјан Манчевски од СДСМ. Водителот нагласи дека во емисијата биле поканети и претставници од ВМРО ДПМНЕ, но тие не одговориле на поканата. Емисијата има две репризни изданија, на 23 и 26 септември 2016 година.

На 23 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „*Анализа 24*". Тема на дебатата беше „Состојбите во македонското новинарство и во македонските медиуми", а гости во емисијата беа Виктор Грозданов (ГРОМ и медиумски работник) и Насер Селмани (претседател на ЗНМ). Репризни изданија имаше на 24 и 26 септември 2016 година.

На 27 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, тема на *Анализа 24* беше: „Студентите и студентското организирање", а во дебатата учествуваа Ѓорѓи Рајчиновски (Студентски пленум), Андреа Угриновска (Национален младински совет) и Огнен Јакасановски (Младински образовен форум). Водителката информираше дека во емисијата бил поканет и претседателот на Студентскиот парламент, Давор Поповски, но тој ја одбил поканата со образложение дека има неодложни обврски. На 28 и 29 септември 2016 година, се емитуваше репризното издание.

На 28 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, на тема: „Трезор"-шестта Т истрага на СЈО", дебатираа новинарите Љубиша Станковиќ и Владо Апостолов и поранешниот шеф на разузнавање Владимир Пивоваров. Емитувани се две репризни изданија на 29 и 30 септември 2016 година.

На 29 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, Анализа *24* беше на тема: „Политичката криза и предметите на СЈО пред изборите во декември". Учесници во дебатата беа Горан Милевски (претседател на ЛДП) и Александар Пандов (политички аналитичар). Репризното издание беше на 30 септември 2016 година.

На 30 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути, Анализа *24* беше на тема: „Смените на началничките позиции во МВР". Гостин беше Оливер Спасовски (министер за внатрешни работи). Освен за работата и состојбите во МВР, Оливер Спасовски одговараше и на прашањата за неговите партиски активности како генерален секретар на СДСМ. Водителот најави дека емисијата била планирана како соочување меѓу министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и заменик министерот во МВР, Оливер Андонов, меѓутоа Андонов не одговорил дали ќе дојде на дебатата. Репризното издание беше на 1 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***